# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Од самото основање па до денес раководството на ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово е насочен кон постојано подобрување и усовршување на системот за управување со квалитет, околина и безбедност и здравје при работ. Имплементираниот интегриран систем за управување со квалитет и API Q1 стандардот овозможува конкурентност и компетитивност на нашите производи, цевки, профили и површински заштитни цевки. Квалитетот на нашите производи е наша примарна цел и одговорност.

Одботор на директори на ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово пред себе има поставено неколку основни начела:

- Квалитетен производ кој мора во потполност да ги задоволи барањата, потребите и очекувањата на купувачите
- Постигнување и одржување на квалитетот на производи во согласност со европските и светските стандарди
- Унапредување на квалитетот и постојано подобрување која е задача и одговорност на сите
- Воспоставување на систем за повратни информации од нашите купувачи и нашите добавувачи со цел на подобрување на системот

Своите цели за квалитет Одборот на Директори ги постави врз база на анализа на минатото и врз база на Визија и Мисија што ја има нашата фирма. Сите овие цели ке бидат постигнати врз база на:

- Задржување на старите клиенти, освојување на нови пазари и бирање само на сертифицирани добавувачи.
- Исполнувања на барањата и очекувањата на купувачите и сите заинтересирани страни
- Почитување на барањата на стандард ISO 9001, ISO 14001, ISO 45001 и API Q1 и континуирано подобрување на системот на менаџмент со квалитет
- Придонес кон заштита на животна средина и обезбедување на соодветни услови за работа на вработените, односно создавање на амбиент кој ги поттикнува вработените на креативност и позитивни резултати
- Постојана обука на вработените и подигнување на свеста за квалитетен производ, зашита на животна средина и мотивација на вработените.

Исполнувањето на овие цели Одборот на Директори ја следи резултатите од нивната анализа и му овозможуваат преглед на ефикасноста на Системот на Менаџмент со квалитет и негово постојано подобрување и унапредување.

Датум
01.12.2019 г.

ОДОБРИЛ
Јованче Јошев